## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Деведесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 15 февруари 2005 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам 92-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ангелка Пеева Лауренчиќ, Соња Лепиткова, Лилјана Поповска, Стојан Андов, Трифун Костовски, Иван Анастасовски, Весна Борозан, Неждет Мустафа, Игор Ивановски, Зоран Заев, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Сашко Кедев, Ванчо Георгиев, Али Ахмети, Мендух Тачи, Теута Арифи, Абдулади Вејсели, Љубчо Георгиевски, Михајло Георгиевски, Орданчо Тасев, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ги молам службите да ми го кажат бројот на потпишаните пратеници.

Потпишани се 49 пратеници, тоа значи дека толку се присутни. Немаме ниту од далеку можност да обезбедиме кворум

Објавувам пауза од 1 час. Седницата ќе продолжи во 12,00 часот.

(По паузата седницата продолжи во 12,05 часот).

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 59 пратеници.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија. Претседателот на Републичкиот судски совет, Јавниот обвинител на Република Македонија, претседателите на основните судови во Делчево и Куманово.

Записниците од 72-та и 82-та седница на Собранието Ви се доставени.

Дали некој има забелешки на записниците? (Нема)

Констатирам дека записниците од 72-та и 82-та седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Ве известувам дека Борка Христовска поднесе оставка на функцијата судија поротник во Основниот суд Скопје 1 - Скопје.

Констатирам дека на госпоѓа Борка Христовска и престанува функцијата судија поротник на Основниот суд Скопје 1 - Скопје.

Ве известувам дека Иван Ефтинџиоски поднесе оставка на функција судија поротник во Основниот суд Скопје 1 - Скопје.

Констатирам дека на господинот Иван Ефтинџиоски му престанува функцијата судија поротник на Основниот суд Скопје 1 - Скопје.

Пратениците Ќенан Хасипи и Гајур Сарач предлагаат дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за личната карта, со Предлог на закон.

Предлогот Ви е доставен.

Молам еден од предлагачите да ја образложи итната и неодложна потреба овој закон да се разгледа на оваа седница.

Има збор господинот Ќенан Хасипи.

**Кенан Хасипи:** Почитуван господин претседателе, дами и господа пратеници, согласно член 66 од Деловникот на Собранието на Република Македонија јас и пратеникот Гајур Сарач предлагаме дневниот ред на оваа седница на Собранието на Република Македонија да се дополни со Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за лична карта, со Предлог на закон поради следните причини.

Прво, измената на ставот 6 на член 5 од Законот за лична карта го предлагаме бидејќи решението за изгледот на образецот на личната карта во Законот за лична карта од 12 март 2004 година во постапка пред Уставниот суд е оспорен што создава правен вакум во примената на овој закон, дотолку повеќе што доколку не се предложи измена на овој член, нема да има усогласеност со соодветната одредба од Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија кој е исто така документ со кој се утврдува идентитетот на граѓаните.

Второ, бидејќи не се работи за сложен и обемен закон и бидејќи ставот 6 на член 5 со понудената формулација е идентичен со оној во Законот за патните исправи и поддржан од Владата, сметаме дека со ставањето на дневен ред на денешна седница ќе се превенира правниот вакум во оваа сфера и ќе се стопира натамошната постапка пред Уставниот суд на Репубблика Македонија.

Напоменувам дека предлог измената е едногласно прифатен од сите членови на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците.

**Љупчо Јордановски:** Предлогот на пратениците Ќенан Хасипи и Гајур Сарач овој закон да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 57 за, нема воздржан, 1 против.

Во салата се присутни 66 пратеници.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија, Предлог на одлука за избор на претседател, потпретседатели, членови и нивни заменици на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација и Предлог на одлука за именување на претседател и членови на Комисијата за заштита на конкуренцијата.

Заради рационалност претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ќе ги образложи сите предлози, а гласањето ќе го вршиме за секој предлог одделно.

Го молам претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата да ја образложи основната и неодложна потреба овие предлози да бидат разгледани на оваа седница.

Има збор претседателот на Комисијата Каме Петров.

**Каме Петров:** Почитуван господине претседателе, колешки и колеги преатеници, замолувам денешнава седница на Собранието на Република Македонија во итна постапка да биде дополнета со нови три точки во дневниот ред, а за кои Комисијата за прашања на изборите и именувањата утврди предлог на одлуки. Значи, станува збор за персоналните промени од повеќе работни тела за составот на претседатели, потпретседатели, заменици и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација и одлука што произлегува од обврската за спроведување на неодамна донесениот закон за заштита на конкуренцијата.

Предлозите во писмена форма се доставени до пратениците. Затоа врз основа на одредбите на Деловникот на Собранието на Република Македонија кои предвидуваат итна и неодложна потреба, молам овие предлог одлуки да бидат поставени на денешната седница.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Петров. Предлогот на Комисијата, предлогот на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 57 гласале за, 1 воздржан, нема против.

Во салата се присутни 72 пратеника.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на одлуката за избор на претседател, потпретседатели, членови и нивни заменици на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, 56 гласале за, нема воздржан, нема против.

Во салата се присутни 72 пратеника.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за именување на претседател и членови на Комисијата за заштита на конкуренцијата да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеници, 54 гласале за, нема воздржан, нема против.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 73 пратеници.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог за разрешување заменик на Јавнот обвинител на Основното јавно обвинителство во Скопје,

2. Предлог за избор на претседатели на основните судови во Скопје 1 - Скопје, Куманово и Тетово,

3. Предлог за избор на судии на основните судови во Скопје 1 - Скопје, Тетово, Велес, Кавадарци и Струмица,

4. Предлог за избор на судии поротници во Основниот суд во Делчево,

5. Предлог за избор на судии поротници во Основниот суд во Куманово,

6. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседатели, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија,

7. Предлог на одлука за избор на претседател, потпретседатели, членови и нивни заменици на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација,

8. Предлог на одлука за именување на претседател и членови на Комисијата за заштита на конкуренцијата,

9. Предлог на одлука за огласување избор на судии на Врховниот суд на Република Македонија,

10. Предлог на одлука за огласување избор на претседател на Основниот суд во Струмица,

11. Предлог на закон за општа управна постапка,

12. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за територијална организација на локалната

самоуправа во Република Македонија, со Предлог на закон,

13. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за личната карта, со Предлог на закон,

14. Предлог за донесување на закон за електронски комуникации, со Предлог на закон.

Дали има некој предлог за изменување на предложениот дневен ред? (Нема)

Предложениот дневен ред го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 64 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Дали има некој во врска со редоследот на точките на дневниот ред? (Нема)

Констатирам дека усвоениот дневен ред е конечен дневен ред.

**Минуваме на точката 1 - Предлог за разрешување заменик на Јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Скопје.**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Милан Гелевски да биде разрешен од функцијата заменик на Јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Скопје го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 59 за, 1 воздржан, нема против.

Во салата се присутни 74 пратеници.

Констатирам дека Милан Гелевски е разрешен од функцијата заменик на Јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Скопје по негово барање.

**Минуваме на точката 2 - Предлог за избор на претседатели на Основните судови во Скопје 1 - Скопје, Куманово и Тетово.**

Предлогот Ви е доставен.

Отворам претрес по Предлогот Добрила Кацарска да биде избрана за претседател на Основниот суд Скопје 1 - Скопје

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Добрила Кацарска да биде избрана за претседател на Основниот суд Скопје 1 - Скопје, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 63 гласале за, нема воздржан, 2 против.

Констатирам дека Добрила Кацарска е избрана за претседател на Основниот суд Скопје 1 - Скопје.

Отворам претрес по предлогот Селвер Исмани да биде избран за претседател на Основниот суд во Куманово.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Селвер Исмани да биде избран за претседател на Основниот суд во Куманово, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 59 за, 1 воздржан, нема против.

Во салата се присутни 75 пратеника.

Констатирам дека Селвер Исмани е избран за претседател на Основниот суд во Куманово.

Отворам претрес по предлогот Џемајли Арифи да биде избран за претседател на Основниот суд во Тетово.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави господинот Рафис Алити, а потоа пратеникот Жарко Караџоски.

**Рафис Алити:** Ви благодарам претседателе. Во име на Парламентарната група на Демократската унија за интеграција бараме пауза од половина час за внатрепартиски консултации во однос на именувањето.

**Љупчо Јордановски:** Објавувам пауза од 15 минути.

(По паузата седницата продолжи со работа во 12,35 часот)

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа.

Има збор господинот Жарко Караџоски.

Господинот Караџоски не е тука.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 61 пратенник.

Предлогот Џемајли Арифи да биде избран за претседател на Основен суд во Тетово, го ставам на гласање.

Ве повикувам да глалсаме.

Гласале 54 пратеници, 52 глаасле за, 2 воздржани, нема против.

Во саслата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека Џемајли Арифи е избран за претседател на Основен суд во Тетово.

**Минуваме на трета точка. - Предлог за избор на судии на Основните судови во Скопје 1 - Скопје, Тетово, Велес, Кавадарци и Струмица**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес по Предлогот Снежана Богдановска да биде избрана за судија на Основниот суд Скопје 1 - Скопје.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот Снежана Богдановска да биде избрана за судија на Основниот суд Скопје 1 - Скопје, го ставам на  гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 52 пратеници, 52 гласале за, нема воздржан, нема против.

Во салата се присутни 67 пратеници.

Констатирам дека Снежана Богдановска е избрана за судија на Основниот суд Скопје 1 Скопоје.

Отворам претрес по предлогот Татјана Дуковска да биде избрана за судија на Основниот суд Скопје 1 - Скопје.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара јзбор го заклучувам претресот.

Предлогот Татјана Дуковска да биде избрана зза судија на Основниот суд Скопје 1 - Скопје, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеници, 54 гласале за, нема воздржан, нема против.

Во салата се присутни 67 пратеници.

Констатирам дека Татјана Дуковска, е избрана за судија на Основниот суд Скопје 1 - Скопје.

Отворам претрес по предлогот Гордана Јакова да биде избрана за судија на Основниот суд Скопје 1 - Скопје.

Предлогот Гордана Јакова да биде избрана за судија на Основниот суд Скопје 1 - Скопје го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 56 за, нема воздржан,  1 против.

Во салата се присутни 68 пратеници.

Констатирам дека Гордана Јакова е избрана за судија на Основниот суд Суд Скопје 1 - Скопје.

Отворам претрес по Предлогот Сабаудин Шасивари, да биде избран за судија на Основниот суд во Тетово.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи иникој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Сабаудин Шасивари да биде избран за судија на Основниот суд во Тетово го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, 54 гласале за, 1 воздржан, нема против.

Во салата се присутни 67 пратеници.

Констатирам дека Сабаудин Шасивари е избран за судија на Основниот суд во Тетово.

Отворам претрес по предлогот Иле Танев, да биде избран за судија на Основниот суд во Велес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Иле Танев да биде избран за судија на Основниот суд во Велес го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 56 гласале за, 1 воздржан, нема против.

Во салата се присутни 67 пратеници.

Констатирам дека Иле Танев е избран за судија на Основниот суд во Велес.

Отворам претрес по предлогот Аница Теова, да биде избрана за судија на Основниот суд во Велес.

Молам, кој бара збор?

Повелете госпоѓа Којзеклиска, имате збор.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претедателе,

Би сакала малку да прокоментирам за госпоѓа Аница Павле Теова, која согласно тоа што ни е дадено од Републичкиот судски совет е стручен соработник во Основното Јавно обвинителство во Велес.

Според информациите со кои располагам, во времето кога е распишан огласот за да можат да конкурираат кандидатите за судии, госпоѓа Аница Теова, не ги исполнила 5-те години искуство кое е потребно согласно законот за судовите, туку во текот на постапката, тоа време од 5 години таа успеала да го собере како стаж и основ за да може да биде предложена.

Втора работа на која сакам да посочам, наведено е и во самото образложение или во самата биографија дека во мислењето на стручниот колегиум во Основниот суд во Велес,  кандидатот Аница Теова, е предложена за избор на судија во Основниот суд во Велес.

Сметам дека госпоѓа Аница Теова, е вработена како стручен соработник во Основното јавно обвинителство во Велес. Значи, Основниот суд односно стручниот колегиум на Основниот суд во Велес, не е надлежен да дава мислење за кандидат кој работи во Основното јавно обвинителство, во соодветниот град. Ниту Апелациониот суд има дадено мислење. А од друга страна во самата биографија е наведено, во мислењето на општата седница на Врховниот суд на Република Македонија, истата е предложена за кандидат за судија.

Со овие аргументи со кои располагам сметам дека ќе се согласи и претседателката на РСС, која е присутна тука, со оглед на фактот дека истата таа се повикуваше на стручност, на работно искуство во областа во која треба да бидат избрани како судии новите предложени кандидати. Меѓутоа, се работи за Основен суд Велес, не се работи за Основно јавно обвинителство во Велес. Обвинителството си има една надлежност, судот си има друга надлежност, утврдена со Законот за судовите, со Законот за кривичната постапка, со Законот за парнична постапка. Значи, сметам дека овој предлог од страна на РСС апсолутно не се вклопува во она

што го прокламира РСС, значи ова со претседателот. И повторно ќе кажам и тоа е еклатантен пример на партизација на судството, колку и да сакаат, со кој било аргумент да се спротивстави и претседателката на РСС и колегите пратеници од позицијата.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Дали некој друг бара збор:

Има збор претседателот на РСС.

Повелете госпоѓа Софрониевска.

**Ленче Софрониевска:** Јас само кратко во однос на забелешката дека предложената колешка не ги исполнува условите во однос на стажот. Да потенцирам дека ги исполнува. Тоа е неспорно утврдено од страна на РСС и сите судски истанци, односно колегиумите на судии кои даваа мислење за колешката.

Во однос на другите аргументи што ги д аде госпоѓата пратеничка, јас не би имала ништо да додадам, бидејќИ тоа што го цитираше од нашето доставување на мислење по предлогот на општата седница на Врховниот суд на РМ, на Основниот суд во Велес и на Апелациониот суд во Скопје, меѓу другото зборува во прилог на овој Кандидат, а не против него.

Во однос на забелешката за партизација и политизација, немам коментар, бидејќи биографијата зборува нешто сосема друго. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете госпоѓа Којзеклиска имате три минути реплика.

**Марија Којзеклиска**:Благодарам претседателе,

Во однос на партизацијата и блискоста на односите со соодветни личности во РСС, оставам на претседателската на Републичкиот судски совет да размислува во тој правец.

Во однос на аргументите кои ги кажа, во самиот предлог не е дадено дека има мислење од Апелациониот суд Скопје. Прво тоа да го расчистиме дека нема мислење. И втора работа, сепак се работи за принципи во работата на судството. Ако ние сакаме судството да го направиме професионално, самостојно и независно и на голема уста зборуваме дека треба да се бориме против корупцијата која постои во РМ, а секаде е посочено судството. Значи, принципот е, ако веќе сакаме да го направиме такво судството, сигурно има кадри во судството кои може да станат судии, а не да ги земаме од Основните јавни обвинителства, затоа што и на Основното јавно обвинителство ние како пратеници, со измените на Законот за јавно обвинителство, му дадовме огромни ингеренции. Ќе ги влечеме ли сега од таму кадрите, за да можеме да го “професионализираме” судството.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Караџоски имате збор.

**Жарко Караџоски**: Се јавувам за збор. Немам на што да реплицирам.

**Љупчо Јордановски:** Затоа што се јавивте после претседателот на Републичкиот судски совет.

**Жарко Караџоски**: Размислував дали воопшто се пријавам за дискусија. Инаку, тоа што го кажа претставникот на РСС, претседателот, мене ми е апсолутно логички и апсолутно јасно, со оглед на тоа што РСС веќе доставил предлог и нормално е претседателот на РСС да го брани, како што е нормално ние како опозиција да критикуваме, ако веќе некои работи се нормални. Меѓутоа, да бидам искрен морам да тргнам од една работа што, кога станува збор за госпоѓата Аница Павле Теова, како стручен соработник во Основното јавно обвинителство во Велес, која се предлага за судија во Основниот суд во Велес, морам да тргнам од едно, а тоа е дека навистина имаме една многу штура биографија, како зад неа да не стои кој знае колкава професионална кариера. Од она што може да се види, станува збор за еден млад човек кој најголемиот свој работен век го поминува токму во основното јавно обвинителство во Велес. Јасен е податокот дека правосудниот испит е положен во 1999 година. И сега, ако тргнеме од оние критериуми кои Законот ги бара, минимум пет години, овде веќе имаме пет години и 4 месеци, во Законот не стои обврска тоа да мора да биде во суд, значи,нешто слично на она што претставува судска власт, тогаш можеме да кажеме дека јавното обвинителство на некој начин е доволна квалификација за да може некој да конкурира И да биде избран за судија.

Меѓутоа, јас морам да се надоврзам на дискусијата на колешката Којзеклиска за да не се свати погрешно дека ние сме против предложениот кандидат, во смисла на тоа дека мислиме дека не може да ја обавува функцијата судија. Меѓутоа, ние како опозиција,или како претставници на една пратеничка група имаме едно мислење што сметаме дека е оправдано. Ако некој како кадар сме го обучувале, да речеме во Основното јавно обвинителство, сите овие години, обучуван кадар за да може да работи во Основното јавно обвинителство, затоа што не е исто Јавно обвинителство и судска власт, сепак постои разлика, логички исправно е на таквиот кадар да му најдеме соодветно работно место, таму каде што најмногу е и обучуван. Јас само би потсетил дека Јавното обвинителство е институција која се занимава односно нејзина основна надлежност е кривичното гонење на сторителите на кривичните дела, поточно, иницирање на кривичните постапки И се тоа што подразб ира во тој дел. Едноставно една доста одговорна работа за која се зафативме и овде ние како парламент, со реформи, за да дојдеме до една понезависна функција итн. Меѓутоа, кај нас се случува после во праксата да се покаже дека сме биле во право кога тоа сме го дискутирале. Нас ни се случува, одредени, колку се ценети, колку не ценети судии, ги избираме за јавни обвинители. Човек кој поминал најголем работен век во судството, како судија, како претседател на суд, па и како нотар, и како адвокат, го бираме за

јавен обвинител на РМ, поточно го с таваме на функција каде треба да се докажува и потврдува, а праксата покажува колку се покажал. Овде имаме обратен случај. Кадар во кој е вложен труд да се обучИ, да биде најмалку заменик јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Велес, или можеби јавен обвинител на Основното јавно обвинителство, сега го правиме да биде судија, нешто заз кое треба додатно да се вложува, односно и понатаму да се обучува. Тогаш, нема да не чуди кога ќе прочиутаме и ќе слушнеме дека странски држави претставени преку нивни амбасадори ни прават црни листи на судии, ни прават црни листи на судството, ни зборуваат дека ни е корумпирано судството. ЗначИ мораме да водиме сметка уште при самиот избор, кога бираме судии да ги најдеме вистинските луѓе на вистинските места. Јас би сакал, искрено би сакал секој од овие предложни кандидати, она што сега јас го дискутирам да ме демантгираат, да се потврдат дека таму каде што се предложени ќе ја обават таму таа функција максимално професионално. Меѓутоа, морам да признам дека праксата не го покажало тоа. Нашата забелешка, или мојата забелешка не е во делот на тоа дали овој предложен кандидат, бидејќи сум  убеден имало и други кандидирани луѓе, не била таа единствен кандидат, РСС ценел дали кандидатот ги исполнува условите, дури не е ни обврзан како институција. РСС воопшто не е обврзан со мислењето на Врховниот суд, воопшто не е обврзан со мислењето на Апелациониот, па и на Основниот суд. Тој сам цени, има уставни ингеренции, врз основа на што треба да дојде до своја констатација дали овој предложен кандидат ги исполнува оние услови за кои што според критериумите кои сам ги донесува може да одговори на оваа функција.

**Жарко Караџоски:** (Продолжение)

Меѓутоа, пак ќе кажам, ако некој луѓе сме ги обучувале и сме вложиле во нив да бидат јавни обвинители, заменици јавни обвинители, треба таму да им го најдеме местото, а не да правиме разни претумбации, за да не ни се случува она што во пракса ни се случува.

Нашата забелешка или моја е само во тој дел, за друго не можам да кажам, верувам на Републичкиот судски совет дека сигурно обавил разговори, сигурно ги гледал сите оние квалификации кои стојат овде, така што останува ништо друго освен да се надеваме дека еве овој предлог конечно, и сите, не само овој предлог, ќе поминат, а не да се случува како што се случува во праксата ние како пратеници да гласаме против предлозите на Републичкиот судски совет.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот Аница Теова да биде избрана за судија на Основниот суд во Велес го ставма на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеника, 57 гласале за, 1 воздржан, 1 против.

Службите нека го утврдат бројот, бидејќи доста пратеници излегоа, мислам дека сме доволно (службите ги пребројуваат пратениците)

Во салата се присутни 70 пратеника.

Констатирам дека Аница Теова е избрана за судија на Основниот суд во Велес.

Отворам претрес по предлогот Лидија Ридова да биде избрана за судија на Основниот суд во Кавадарци.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Лидија Ридова да биде избрана за судија на Основниот суд во Кавадарци го ставма на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеника, 52 гласале за, нема воздржан, 1 против.

Во салата се присутни 67 пратеника.

Констатирам дека Лидија Ридова е избрана за судија на Основниот суд во Кавадарци.

Отворам претрес по предлогот Зоран Јосифовски да биде избран за судија на Основниот суд во Кавадарци.

Молам, кој бара збор?

Господинот Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Почитуван претседателе, ја користам оваа прилика да укажам на предлагачот односно Републичкиот судски совет дека во континуитет ни се случува кога избираме судии на основните судови независно дали е тоа Кавадарци и разни други градови, обично предлогот ни се доставува, ова би било како процедурално ако ми забележувате во однос на дискусијата, предлогот ни се доставува збирно со сите кандидати со едно образложение за сите кандидати кое образложение нема ни една страница.

Би сакал да укажам дека сепак бираме судии, значи една многу одговорна работа и дека оваа пракса не треба да продолжи вака како што ни се доставува.

Ако Комисијата за избори и именувања прекина со онаа пракса која беше претходно воспоставена да ги разгледуваше сите предлози на судии за нивно именување и нивно разрешување во кое имаше право како Комисија да се разгледа и се друго што РСС одлучува односно кои критериуми ги прифатил врз основа на што е донесена одлука каде можеше на една таква седница да се разговара и да се дојде до констатација дали овој предлог и другите предлози се добри или лоши од аспект на оние кои ги гласаме, значи ако таа пракса се напушти сега одиме директно со именување овде во Собранието, тогаш би требало Републичкиот судски совет малку повеќе да вложи труд во смисла на тоа да за секој

кандидат како што е предложен не ни се доставува една ваква групна листа со предложени кандидати со кратки биографии и на крајот само една страница образложение дека се прибавени мислења од овие и оние, туку за секој кандидат да добиеме образложение врз основа на што РСС оценил дека токму овој кандидат треба да биде избран за судија.

Што би значело тоа? Тоа би значело една насока дека се објавил конкурс, на конкурсот конкурирале толку и толку луѓе, Републичкиот судски совет ценел тоа и тоа, за да бидеме подобро запознаени зошто е избран и што било пресудно во неговиот избор.

Вака се сведуваме само на гласачка машина за која не би сакал како пратеник да бидам само гласачка машина или да се сведуваме на тоа дека е уставна категорија пратениците да гласаат.

Барам да имаме повеќе запознавање со фактичката состојба, да знаеме што бираме и да знаеме на тие луѓе на кои ќе им ја дадеме таа функција дали одговорно ќе ја завршат таа работа.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски**: Благодарам, најдобро е да воведеме пракса воопшто да не ги избираме судиите во Парламентот.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Зоран Јосифовски да биде избран за судија на Основниот суд во Кавадарци го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеника, 53 за, 1 воздржан, нема против.

Во салата се присутни 63 пратеника.

Констатирам дека Зоран Јосифовски е избран за судија на Основниот суд во Кавадарци.

Отворам претрес по предлогот Цона Каламерникова да биде избрана за судија на Основниот суд во Струмица.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Цона Каламерникова да биде избрана за судија на Основниот суд во Струмица го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеника, 58 гласале за, нема воздржан, нема против, а во салата беа присутни во моментот на гласањето 63 пратеника.

Констатирам дека Цона Каламерникова е избрана за судија на Основниот суд во Струмица.

Отворам претрес по предлогот Валентина Митева да биде избрана за судија на Основниот суд во Струмица.

Молам , кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Валентина Митева да биде избрана за судија на Основниот суд во Струмица го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеника, 55 гласале за, нема воздржан, нема против.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата. (Службите ги пребројуваат пратениците).

Во салата се присутни 64 пратеника, а за време на гласањето беа 63 пратеника.

Констатирам дека Валентина Митева е избрана за судија на Основниот суд во Струмица.

Отворам претрес по предлогот Борис Чамовски да биде избран за судија на Основниот суд во Струмица.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Борис Чамовски да биде избран за судија на Основниот суд во Струмица го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеника, 54 за, нема воздржан, нема против.

Во салата се присутни 64 пратеника.

Констатирам дека Борис Чамовски е избран за судија на Основниот суд во Струмица.

**Минуваме на точката 4: Предлог за избор на судии поротници во Основниот суд во Делчево.**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за избор на судии поротници во Основниот суд во Делчево го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 52 пратеника, 51 за, 1 воздржан, нема против. Во салата се присутни 63 пратеника.

Констатирам дека за судии поротници во Основниот суд во Делчево се избрани предложените кандидати.

**Минуваме на точката 5 - Предлог за избор на судии поротници во Основниот суд во Куманово.**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Асани.

**Фатмир Асани:** Благодарам господине претседател,

Разгледувајќи го списокот на предлози на судии поротници гледам дека од 63 има само 4 албанци, иако Куманово има над 47% албанци. Тука јасно се гледа дека нема адекватно претставување. Иако тие немаат значајна улога, сепак мислам дека бројот на албанците требаше да биде поголем на овие места.

Исто така и во однос на изборот на судии поротници за малолетници гледам дека нема ни еден албанец, а во овој дел мора да има затоа што се однесува на малолетници, а во Куманово има многу познати педагози и психолози, а од сите овие предлози нема ниту еден албанец.

Затоа во иднина не треба да се случува вака, албанците треба да бидат попретставени и јас нема да гласам за овој список. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Пред да преминеме на гласање, ги молам пратениците да влезат во салата. Службите нека го утврдат бројот. (Службите ги пребројуваат пратениците). Во салата има 51 пратеник.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Објавувам пауза до ручек и по паузата за ручек продолжуваме во 15,00 часот.

(Пауза од 13,10 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,03 часот).

**Љупчо Јордановски:**Ги молам пратениците да влезат во салата.

Уште еданш ги молам пратениците да влезат во салата, мислам дека два часа пауза е сосема доволна сите работи да се завршат.

Службите нека го утврдат бројот на пратеници.

(Службите го утврдуваат бројот).

Десетте минути за кворум точат.

Ги молам координаторите да обезбедат, ако можат, кворум.

Жално е за два часа да земеме дневници, но тоа е тоа.

Ве молам, немојте да излегувате.

Ги повикувам пратениците кои во меѓувреме излегоа да влезат, бидејќи ќе треба да констатираме број на присутни.

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Службите нека го утврдат бројот.

(Службите го утврдуваат бројот).

Бидејќи сега сме 61 пратеник во салата можеме да продллжиме со работа.

Предлогот за избор на судии поротници во Основниот суд во Куманово го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ве молам седнете и гласајте.

Гласале 53 пратеници, 51 гласале за, 2 воздржани, нема против.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека за судии поротници во Основниот суд во Куманово се избрани предложените кандидати.

**Минуваме на точката 6 - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 56 пратеници, 55 гласале за, 1 воздржан, нема против.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката.

**Минуваме на точката 7 - Предлог на одлука за избор на претседател, потпретседатели, членови и нивни заменици на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеници, 53 гласале за, нема воздржани, нема против.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката.

**Минуваме на точката 8 - Предлог на одлука за именување на претседател и членови на Комисијата за заштита на конкуренцијата.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 54 пратеници, 49 гласале за, 1 воздржан и 4 против.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката.

**Минуваме на точката 9 - Предлог на одлука за огласување избор на судии на Врховниот суд на Република Македонија.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 54 пратеници, нема воздржани, нема против.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката.

**Минуваме на точката 10 - Предлог на одлука за огласување избор на претседател на Основниот суд во Струмица.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 53 пратеници, 53 гласале за, нема воздржани, нема против.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката.

**Минуваме на точката 11 - Предлог на закон за општа управна постапка.**

Молам претставникот на Владата да дојде.

Дали може да се обезбеди претставник на Владата.

Ги молам службите да го повикаат министерот или заменикот како претставници на овој закон, да дојдат во салата на Парламентот.

Ја прекинувам седницата.

Се извинувам, доаѓа господинот Ризаван Сулејмани.

(Реакции од страна на пратениците).

Ја прекинувам седницата.

Продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 15,29 часот).